РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 23-01-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | - 12/1 | | |

( Образец ПП……)

До: Општина Битола
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted] адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: поврзани со процена на штетата од земјотресот на територијата на општина Битола во 2022 год
1. До каде е постапката со проценка на штетата од земјотресот на Општина Б-ла
2. Кога е предвидено да бидат исплатени средства од извршената проценка на штетата од земјотресот во 2022
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис (заокружено)
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил (заокружено)
- д) друго ____________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** Битола, 17.01 2024 **година .**

[redacted]
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за комунални дејности

Бр.11-12/2
23.01.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-12/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

23.01.2024

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 26-01-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-12/3 | | | |

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр. 11-12/3 од 26.01.2024 год.**

**До**
**Лице за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации од јавен карактер**
**Евгенија Чукалева**

ПРЕДМЕТ: **Известување**

Почитувани,

Во врска со вашето доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр. 11-12/2 од 23.01.2024 година, Ве известуваме дека делот од постапката што се однесува на проценката на штета од земјотресот во Општина Битола е завршен од страна на Комисија за проценка на штети од елементарни и други непогоди на Општина Битола.

Исто така, Ве информираме дека направена е проценка на сите поднесени барања, изготвен е Елаборат за проценка на штета кој е усвоен од страна на Советот на Општина Битола и истиот е доставен до Комисија за проценка и утврдување на штета од елементарни непогоди при Влада на Република Северна Македонија на нивна понатамошна надлежност, согласно Методологијата за проценка на штети од елементарни и други непогоди.

Во врска со прашањето за исплата на средства од извршената проценка, Ве информираме дека штом има повратен одговор од Комисија за проценка и утврдување на штета од елементарни непогоди при Влада на Република Северна Македонија за делот на исплата, подносителите на барањата ќе бидат соодветно информирани.

Со почит,

Битола, 26.01.2024 год.

Изработил: м-р Виктор Ивановски

**Одделение за комунални дејности**
**и уредување на градежно земјиште**

**Марјана Спасевска д.м.и.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 306 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-12/4
26.01.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **23.01.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 **(Поврзани со проценка на штета од земјотресот на територија на Општина Битола во 2022 год.) (детален опис во прилог на Решението)**

## СЕ УВАЖУВА

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**

**Во Прилог:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-12/1
2. Допис до Раководител на Одделение за комуанални дејности со бр. 11-12/2 од 23.01.2024 година
3. Одговор од Раководител на Одделение за комунални дејности со бр. 11-12/3 од 26.01.2024

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 26.01.2024 година, под бр. 11-12/4

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *